

ЛИНИЈА ЗА ПОМОШ
1300 368 821

# Во ред е да се каже не

Ако некој ве замоли да потпишете нешто или да му дадете нешто, не мора веднаш да донесете одлука.

Еве неколку совети за намалување на притисокот:

- Кажете „Ми треба малку време да размислам за тоа“.
- Објаснете дека ви треба професионален совет за тоа како тоа ќе влијае на вашата пензија, заштеди или долгорочни планови.
- Споделете ги сите грижи што ги имате за тоа како тоа може да влијае на вашата врска.
- Прифатете дека нешто може да тргне наопаку и кажете дека ги штитите вашите интереси.
- Објаснете дека не се работи за недостаток на доверба.

Seniors Rights VICTORIA

A COTA Victoria Program

Линија за помош 1300 368 821
seniorsrights.org.au

10-17 часот, понеделник-петок

## Корисни контакти:

Сметководители и финансиски советници
Контактирајте со вашиот за помош околу семејните договори.

Centrelink
За да проверите какви било импликации за вашата пензија, логирајте се на MyGov или јавете се на 132 300

Compass (Компас)
За примери и информации за семејните договори, посетете ја www.compass.info

Federation of Community Legal Centres (Федерација на правни центри во заедницата)
Федерацијата е највисокото тело на Victoria’s Community Legal Centres (Правните центри на заедницата на Викторија) и Aboriginal Legal Services (Правните служби на Абориџините). За да го најдете вашиот локален правен центар во заедницата, посетете ја веб-страницата www.fclc.org.au и кликнете „Find a CLC“ или јавете се на 1300 792 387